Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# УСЛОВИ ЗА РАБОТА

## За експерт/ка за анализа за нееднаквости помеѓу млади

### За проектот

Главна цел на проектот е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени на возраст од 15 до 29 години во Северна Македонија да станат поактивни во општеството и да креира поеднаков пристап до можностите во земјата, во приватниот сектор и со тоа во процесот на донесување одлуки на локално и национално ниво. Проектот ќе развие и креира комуникациски производи насочени кон јазот во родовата нееднаквост за општата јавност, едуцирајќи ја јавноста да биде свесна за родовите пристрасни улоги, норми и ставови.

Главни активности на проектот се: детална анализа за социоекономското однесување на младите девојки и жени, онлајн и офлајн кампања за родова еднаквост, градење на капацитетите на девојки и млади жени преку обуки за креирање локални и национални политики, застапување и вклучување на родовата перспектива, одржување на 20 јавни настани во различни градови на различни теми прилагодени на потребите на младите девојки и жени, работилница за родот во медиумите со топ 10 медиумски куќи, 10 локални младински иницијативи предводени од млади девојки, креирање локални младински стратегии за вклучување на млади жени и девојки на локално ниво во 4 општини, кариерно насочување и советување за најмалку 200 млади жени, програма за практикантска работа и волонтирање за најмалку 200 млади жени, креирање на мобилна апликација за практиканска работа на национално и регионално ниво.

### За ангажманот

Експертот/ката или правниот субјект ангажиран за изработка на анализа која ќе ги детектира родовите стереотипи и нееднаквости помеѓу младите лица во Северна Македонија. Анализата треба да се фокусира:

- Родови стереотипи помеѓу млади лица;
- Родови предрасуди помеѓу млади лица;
- Извори од каде потекнуваат родовите предрасуди и стереотипи;

- Креирање и ширење на предрасуди и стереотипи (училишта, факултети, институции, семејство, пријателски круг итн);
- Комуникациски и општествени модели за охрабрување и зајакнување на млади девојки и жени;
- Потребите на младите девојки и жени за активно вклучување во општеството;
- Канали за комуникација кои се преферираат од младите со фокус на девојки и жени.

Анализата треба да направи разлика помеѓу резултатите за младите девојки и жените а треба да ги вклучи и ставовите и мислењата и на младите момчиња и мажи. Анализата ќе се користи за креирање на национална кампањата која ќе ги таргетира стереотипите и предрасудите, како и за креирање и реализација на активности кои ќе придонесат до подобрување на состојбата на родова еднаквост и системска поддршка на девојки и жени. Анализата е предвидена да се спроведува на национално ниво, во периодот од 16 јануари и 15 март 2023. На експертот/ката на располагање ќе им стојат ресурсите на Националниот младински совет на Македонија, вклучувајќи го и проектниот тим. Со избраните експерт/ка или правен субјект ќе се одржи информативен состанок за проектот каде ќе се ревидира предлог методологијата по која ќе биде изработена анализата (доколку има потреба). Ангажираниот експерт/ка или правен субјект ќе биде исплатен/а по целосното завршување на анализата и по нејзиното одобрување од страна на донаторот.

**Очекувани резултати**

Експертот/ката или правниот субјект ќе треба да:

- Креира методологија според која ќе се реализира истражувањето;
- Да развие прашалник за теренска анкета;
- Да презентира насоки за работа пред теренските работници пред започнување на теренската работа;
- Да направи обработка на прибраните прашалници во форма на национална анализа;
- Да учествува на настан за промоција на анализата и да ги презентира резултатите.

**Потребни квалификации**

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Експертот/ката или правниот субјект треба да ги исполнува следните услови:

- Најмалку 5 години искуство во работа со млади, родова еднаквост и вклучување на маргинализирани групи;
- Завршено високо образование ќе се смета за предност;
- Најмалку 5 години искуство во областа на креирање на анализи и прибирање на податоци;
- Најмалку 5 години искуство во креирање на методологија за репрезентативни истражувања;
- Претходно искуство во соработка со граѓански сектор;
- Најмалку 5 години постоење и активно работење (доколку се аплицира како правен субјект).

**Начин на аплицирање**

Понудата се се доставува до Национален младински совет на Македонија (ул.Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје) или скенирана на е-пошта applications@nms.org.mk. Како наслов на електронската порака наведете: ,,Апликација/Понуда за тендер бр. 09-70/1, најдоцна до 08.01.2023.
Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1)
- Тековна состојба на добавувачот (доколку е правно лице), не постара од една година
- Методологија (анекс 6)
- Биографија на експертот со референци/Портфолио на правниот субјект и биографии на тимот кој ќе работи на анализата
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност, (документ во прилог, анекс 3)
- Потпишана изјава (за правни субјекти) дека нема правни пречки за реализација на активноста (документ во прилог, анекс 4).